# ХИДРОФОБ Т

*Адитив за водонепропусност на бетони и малтери*
*Одговара на: EN 934-2:T9*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Како адитив за бетон го спречува капиларното продирање на водата низ бетонските пресеци, правејќи го бетонот водонепропусен. Ја зголемува трајноста и отпорноста на бетоните наменети за постојан контакт со вода и влага. Се препорачува кај објекти кои се во контакт со вода, мраз и соли за размрзнување и изложеност на карбонизација како на пример подземни објекти, пристаништа, резервоари, темели, потпорни ѕидови и др. Се применува при изведба на водонепропусни подземни конструкции според системот “бела када”.

## СВОЈСТВА

- Овозможува затворање на микропорите во бетонот, со што ја спречува капиларната апсорбција на вода и штетни супстанции во структурата на бетонот;
- Ја зголемува отпорноста на бетонот на продор на вода под притисок;
- Ја намалува капиларната апсорпција на вода низ бетонските пресеци;
- Го спречува продорот и миграцијата на хлориди низ бетонот;
- Ја намалува карбонизацијата на бетонот;
- Ја зголемува трајноста на бетонот во услови на изложеност на мраз, соли и висока концентрација на $CO_2$;
- Ја спречува појавата на исолување;
- Дозволува нанесување на секундарни заштитни и декоративни премази;

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | Кафена течност |
| Волуменска маса (на 20˚C) | ISO 758 | (1.18±0.03) g/cm³ |
| pH вредност (на 20˚C) | ISO 4316 | 4±1 |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤2,0% |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Хидрофоб Т се дозира во текот на подготовката на бетонот во свежата бетонска мешавина. Препорачаното дозирање изнесува 0,7-2,0% тежински во однос на масата на цементот.
Со цел постигнување на високи перформанси на водонепропуност, препорачливо е Хидрофоб Т да се применува кај бетони со марка над 30MPa. Притоа од особено значење е комплетниот процес на подготовка, транспорт, вградување и нега на бетонот да биде ускладен со условите на објектот. Бетонирањето (особено кај масивни темелни плочи) треба да се одвива континуирано без прекини, а последователните слоеви на бетон треба меѓусебе да се ревибрираат. Во случаи кога се работи во услови на зголемени амбиентални температури, препорачливо е Хидрофоб Т да се комбинира со адитиви од групата на пластификатори и суперпластификатори или пак алтернативно да се користи Хидрофоб флуид. Исто така, неопходно е да се превземат мерки за нега на свежиот бетон (покривање, полевање со вода или употреба на специјални заштитни средства).



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

**Ефекти од предозирање**: Во случај на предозирање, може да дојде до нагло губење на обработливоста на свежиот бетон

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Хидрофоб Т е компатибилен со повеќе адитиви од програмата на АДИНГ. Хидрофоб Т е компатибилен со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.
Хидрофоб Т не е компатибилен и не треба да се користи во комбинација со адитивите кои содржат поликарбоксилати, како што се Суперфлуид 21, Суперфлуид 21 ЕКО, Суперфлуид 21М ЕКО, Суперфлуид 21М1М ЕКО, Суперфлуид 21 МС ЕКО и Суперфлуид 21 Ф. Во спротивно, можно е да дојде до нагло губење на конзистенцијата на бетонот.
Со цел постигнување на високи перформанси на водонепропусност и водо-одбивни бетонски површини, препорачливо е Хидрофоб Т да се применува во комбинација со некој од адитивите од групата на пластификатори или суперпластификатори. Различните адитиви во бетонот се дозираат посебно, односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 5 и 24 kg
Буриња: 240 kg
Контејнери: 1200 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување, на температура од 5°C до 35°C и заштитен од директно влијание на сончеви зраци. Рок на употреба 12 месеци.




ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

ADING
состојка на секоја градба

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

14

GAEB001/5

EN 934-2:2009+A1:2012
**ХИДРОФОБ Т**
Адитив за водонепропусност на бетони
EN 934-2:T9

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 2,0% по маса** |
| Корозивно делување | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008, Анекс А.1** |

АДИТИВИ ЗА БЕТОН И ЦЕМЕНТ

<u>Опасност по здравјето</u>: Хидрофоб Т не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
<u>Пожар</u>: Хидрофоб Т е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
<u>Чистење и депонирање</u>: Остатоци од Хидрофоб Т се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk